Член 79- ѓ

Официјални лаборатории

(1) Директорот на Агенцијата, ги назначува официјалните лаборатории за потребите на спроведување на официјалните контроли од областа на безбедноста на храната и храната за животни и здравствената заштита на животните.

(1) Официјалните лаборатории во областа на официјалните контроли на заштитата на животните се назначуваат согласно прописите на Законот за ветеринарно здравство и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

(2) Официјалните лаборатории во областа на официјалните контроли на безбедност на жрана се назначуваат согласно прописите на овој Закон и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

(3) Официјалните лаборатории во областа на официјалните контроли на заштитата на здравјето на растенијата се назначуваат согласно прописите од областа на земјоделството и заштита на здравјето на растенијата.

(4) Лабораториите кои се назначени како официјални лаборатории од став (1), (2) и (3) на овој член се должни:

1)доставените примероци за лабораториска анализа во рамките на официјалните контроли, веднаш да започнат да ги испитуваат, а по завршување на анализата да изготват резултат и го достават до Агенцијата и

2) во случај на несообразни резултати согласно прописите од областа на безбедност на храна, храна за животни и ветеринарно здравство, во рок до 24 часа по електронски пат истите ги доставуваат и до Агенцијата.

(5) Агенцијата може да назначи официјална лабораторија доколку:

1) врши дејност во согласност со стандардот МК ISO/IEC 17 025 и е акредитирана во согласност со овој стандард од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, односно еквивалентниот стандард EN ISO/IEC 17025 од соодветна институција во земја членка на Европската унија и ги исполнува условите за вршење дејност согласно посебните прописи од областа на безбедност на храна и ветеринарното здравство.

2) има најмалку 10 години експертиза од областите наведени во ставот (1) на овој член и најмалку 5 години искуство од областите наведени во ставот (2) и (3), располага со соодветна опрема и инфраструктура кои се потребни за вршење на анализи, тестови или дијагностика на примероци;

3) има доволен број на соодветно квалификуван персонал од областа на безбедност на храна, храна за животни и ветеринарно здравство и искусен персонал кој има поминато соодветна обука;

4) доставуваат изјава заверена на нотар дека доделените задачи за спроведување на лабораториски анализи се вршат непристрасно и без конфликт на интерес во работата кога работат како национална референтна лабораторија а истовремено се назначени и како официјална лабораторија.

5) лабораторијата мора да има капацитет навремено да ги достави резултатите од анализите, тестовите или дијагностика на земените примероци за време на официјални контроли и други официјални активности

6) во опсегот на акредитација лабораторијата согласно став (5) точка 1) од овој член:

(а) има соодветни методи кои се користат за лабораториски анализи, испитувања или дијагностика кои лабораторијата ги врши во рамките на дејноста, како официјална лабораторија и

(б) спроведува еден или повеќе акредитирани методи за лабораториска анализа, тестирање или дијагностика или групи на методи согласно релевантниот стандард поврзан со областа на испитување.

7) Учествува во меѓулабораториски тестови на оспособеност, кои се организирани за анализите, испитувања или дијагностика кои тие ги извршува во својство на официјална лабораторија.

(6) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува барањата од ставот (5) на овој член кои треба да ги исполни лабораторијата за да биде назначена како официјална, во однос на квалификуван персонал, инфраструктура и опрема потребни за да се обезбеди брза и точна дијагностика и диференцијална испитување и анализи и нивните активности, како и формата и содржината на изјавата од став (5), точка 4 на овој член.

(7) Лабораториите кои се назначени како официјални, покрај условите од став (4) треба да учествуваат на меѓулабораториски тестови на оспособеност, кои се организирани за анализите, испитувања или дијагностика кои тие ги извршува, за да продолжат да бидат назначени како официјални. За учеството и резултатите од меѓулабораториските испитувања мора редовно да ја информираат Агенцијата.

(8) Листата на официјални лаборатории се објавува на веб страната на Агенцијата.